Општинско основно училиште

***"Наум Охридски"- с. Булачани, Скопје***

# *ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА*

## *на воспитно - образовната работа на училиштето во периодот јуни, 2016 - јуни, 2018 година*

**Скопје**
**јуни, 2018**

## Извештај од извршената самоевалуација на училиштето од страна на Училишната комисија за самоевалуација

Училишна комисија за самоевалуација:

1. Елизабета Синделиева – психолог
2. Соња Рулеска – наставник по биологија и хемија
3. Даниела Димишковска – наставник по математика
4. Гордана Велковска -родител
5. Ирена Јовановска-родител

Комисијата, формирана од Училишниот одбор при ООУ „Наум Охридски“ с.Булачани врз основа на Одлуката број 02-06/16 од 03.04.2018 год, ги разгледа извештаите од тимовите за седумте подрачја од Самоевалуацијата на училиштето и врз основа на издвоените слаби страни и препораките за идни активности дадени од страна на тимовите за самоевалуација, ги донесе следниве предлог - мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето, по подрачја:

Од подрачјето **Наставни планови и програми:**

- Интегрирање на особеностите на локалната средина со наставните програми;
- Обука на наставниците за интегративен пристап на меѓупредметните цели;
- Изготвување план и стратегија за начинот на вклучување ученици во изборот на воннаставните активности, согласно нивните потреби и интереси и согласно условите во училиштето;
- Континуирано прилагодување на наставните програми кон индивидуалните можности на ученици со посебни образовни потреби.

Од подрачјето **Постигања на учениците:**

- Подобрување на квалитетот на додатна и дополнителна настава со примена на активни методи и техники на работа;
- Подобрување на постигањата на ученици со посебни образовни потреби, преку подобрување на индивидуалните програми и методи за работа, во координација со БРО;
- Подобрување на успехот на учениците од двата пола.
- Намалување на бројот на изостаноци на ниво на училиште и изговување план за стручна поддршка и работа со учениците кои често отсуствуваат од настава;

Од подрачјето **Учење и настава:**

- Изнаоѓање просторно решение за реализирање на кабинетска настава (барем за некои од природната група предмети - хемија, биологија, физика)
- Реализација на квалитетна наставата по физичко и здравствено образование во соодветни услови за работа (фискултурна сала);
- Модернизација на компјутерската опрема и друга ИК – технологија (замена на постоечките и набавка на дополнителни компјутери, проектори, лаптопи, смарт табли и др.);
- Замена на застарените нагледни средства со нови, со цел подобрување на квалитетот на современата настава согласно со условите на училиштето.

Од подрачјето **Поддршка на учениците:**

- Соработка со локалната заедница заради решавање на проблемот околу обезбедувањето квалитетна вода за пиење во с. Булачани и с. Раштак.
- Подобрување на компетенции на наставниците и учениците од областа на прва помош и заштита преку посета на обуки.
- Подобрување на тендерските услови при избор на добавувач на организирана исхрана на учениците согласно прописите за квалитет на МОН.

Од подрачјето **Училишна клима и односи во училиштето:**

- Да се обезбеди поголема едукативна поддршка и соработка со стопанските субјекти од локалната средина;
- Зголемена активност на ученичката заедница на сите нивоа.- да се организираат работилници на ученичката заедница како поттик на меѓусебна толеранција, почитување на моралните вредности, почитување на разликите и сл.
- Подобрување на просторните услови со што ќе се овозможи организирање на приредби, училишни свечености, натпревари на сите нивоа и слично;
- Да се обезбеди поголема поддршка и соработка со стопанските субјекти од локалната средина.

Од подрачјето **Ресурси:**

- Изградба на фискултурна сала
- Доградба на училиштата во с. Булачани и с. Црешево

  *- доградување на училишната зграда на училиштето во с. Булачани и с. Црешево со сала за приредби и други наставни и воннаставни активности и соработки со родителите и околината;*

  *- зголемување на бројот на тоалетни кабини во училиштето во с. Булачани;*
- Реновирање на училишните згради и дворови:

*- поставување/поправка на оградата и влезната врата на училишниот двор во  с. Раштак;*
*- доопремување на читална со компјутер и интернет пристап во училишната библиотека;*

- Хортикултурно уредување на училишните дворови:
  *- планско уредување на зелени површини*
  *- уредување на простор за еко училница  во с. Раштак;*
  *- реконструкција на пешачки патеки с. Булачани и с. Раштак.*
- Обновување на старата ИК –технологија и набавка на нова;
- Планска набавка на современи нагледни средства и стручна литература.
- Изготвување стратегија за ангажирање на персоналот со повисоки квалификации и стручност во обезбедување помош  или поддршка на наставниците;
- Изготвување на стратегија и план за финансиска поддршка на професионалниот развој на вработените;
- Обезбедување обуки на наставниот кадар согласно изразените потреби (Поставување на целите во индивидуалните планови за учениците со посебни образовни потреби, Прва помош и заштита при елементарни непогоди; Справување со меѓуврсничко насилство, Монтесори пристап во воспитно – образовната работа, Пречки во учењето - препознавање, Реализација на настава ориентирана кон исходите од учењето и др.).

Од подрачјето **Управување и раководење:**

- Да се повтори постапката за изградба на фискултурна сала преку писмена процедура;
- Обезбедување средства за професионално усовршување на наставниот кадар за потребите на училиштето и одржување на континуитет;
- Поголемо вклучување на родителите во креирањето на училишната политика.
- Креирање политика во насока на обезбедување редовно одржување и подобрување на инфраструктурата на училиштето.

Според извршениот увид во материјалите од Самоевалуацијата на училиштето за периодот јуни, 2016 – јуни, 2018 година, последниот Извештај од извршената интегрална екстерна евалуација од страна на ДПИ и дискусијата во врска со истите, како и приоритетноста на одредени предлог - мерки кои се издвоени во овој извештај, Комисијата препорачува во следните две години како приоритетни подрачја да се издвојат следниве:

- Наставни планови и програми;
- Поддршка на учениците;
- Постигања на учениците;
- Ресурси.

.

Потпис на членовите на комисијата:

1. Елизабета Синделиева ________________
2. Даниела Димишковска _________________
3. Соња Рулеска _________________
4. Гордана Велковска _________________
5. Ирена Јовановска _________________